скиот период реферат под наслов: „Дијетот (крвнината) во Македонија за време на турското владеење поднесе д-р Александар Матковски. За новата и поновата историја на македонскиот народ реферати поднесоа: д-р Манол Пандевски: „Македонија во политиката на европските сили во текот на источната криза (1876—1878)“, д-р Ристо Поплазаров: „Македонците и ослободителните движења на Балканот во 60—70-тите години на XIX век“, д-р Орде Иваноски: „Односот на балканските социјалисти кон политиката на големите сили и балканските влади спрема Македонија од 90-те години на XIX век до 1919 година“; д-р Миле Тодоровски: „Македонија во односите меѓу балканските и некои европски држави пред и почетокот на Втората светска војна“; д-р Вера Вангели: „Некои манифестации на солидарност на работничкото движење во Македонија во ноемвриската револуција во Германија“, Марија Јовановиќ: „Југословенско-бугарските односи низ аспектот на просветните прилики во Вардарска Македонија 1919—1929“, Тодор Симовски и Стојан Киселиновски: „Македонија во плановите на Хитлеровската коалиција во 1940—1941 година“. Исто така, треба да се забележи учеството на Методија Соколовски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје со рефератот: „Процесот на исламизација на христијаните на јужниот Балкан во текот на XV и XVI век“, д-р Блаже Ристовски со рефератот: „Местото на македонската научно-литературна „другжина“, д-р Данчо Зографски со рефератот под наслов: „Die Verbundenheit der Geschehnisse in Makedonien und auf dem Balkan zu Beginn des XX jahrhunderts и други.

Со неговото учество, со учеството во дискусиите по секции, македонските историчари исполнија еден голем долг во прв ред пред историската објективност и вистинитост, давајќи уште еден пример дека историјата треба да ѝ служи во прв ред на науката и да биде мост на разбирање и соработка меѓу народите од Југоисточна Европа.

С. К.

## ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

На 15 октомври 1974 г., во салата на Институтот за македонски јазик, се одржа годишно собрание на Друштвото на историчарите на град Скопје на кое присуствуваа 60 членови.

Во извештајот за работата беше истакнато дека во изминатиот двогодишен период се случија крупни општествено-политички настани во нашата земја. Донесени се новите устави на СФРЈ и СРМ. Нашето социјалистичко самоуправно општество влезе во квалитетно нова и повисока етапа во својот развиток. Одржани се X Конгрес на СКЈ и VI Конгрес на СКМ, кои имаат големо значење за натамошниот развиток на нашето општество и за оживотворувањето на уставните начела.

Членовите на Друштвото на историчарите најнепосредно беа вклучени во активностите околу објаснувањата на предлог-уставите и претконгресните документи во средините во кои дејствуваат. Добар дел од нив беа ангажирани во активностите на Конференцијата на социјалистичкиот сојуз на градот и Сојузот на комунистите. Особено, тие одиграа крупна улога во таа смисла во училиштата како во толкувањето на документите и промените што се случуваа во нашето општество и во животот.

Изминатиот период беше богат и со јубилеи на крупни настани од историјата на југословенските народи и народности. Од огромно историско значење за македонскиот народ беа јубилеите за Илинденското востание, формирањето на Комунистичката партија на Македонија и за Првото заседание на АСНОМ. Поради тоа, одделно место во програмата за работа на Друштвото заземаше одбележувањето на 70-годишнината на Илинденското востание, 30-годишнината од формирањето на КПМ и Првото заседание на АСНОМ.

Членовите на Друштвото учествуваа во активностите на Републичката комисија за одбележување на 70-годишнината на Илинденско востание. Во училиштата беа одржани посебни часови и предавања посветени на овој голем јубилеј и, изведени масовни екскурзии со учениците со цел да се посетат значајни места од времето на Илинденското востание.

На сличен начин беа одбележани и другите два големи јубилеа. Во соработка со Републичкиот центар за идеолошко-политичкото образование и студии и Заводот за унапредување на школството на градот, на 27. III 1973 г., академикот Михајло Апостолски одржа предавање: „Воено-политичката положба во Македонија во времето на создавање на Комунистичката партија на Македонија“. Друштвото на историчарите од градот беше вклучено во програмата на Сојузот на друштвата, Републиката и Градската конференција на социјалистичкиот сојуз во прославата на 30-годишнината на Првото заседание на АСНОМ.

Извршниот одбор на Друштвото, во состав: претседател д-р Перо Стојанов, односно Костадин Делиниколов, односно Душан Станимировиќ со членовите: Глигор Николов, Грозда Чинговска, Милка Тодоровска, Ѓорѓе Миљковиќ, Фејзула Укшини и Ристо Ристевски целосно ја реализира програмата за работа на Друштвото.

Изминатиот период е богат и со акции за идеолошко-политичко и стручно изградување на членството. Во соработка со Заводот за унапредување на школството се одржани повеќе работни состаноци и семинари. За одбележување е и плодна соработка со Републичкиот центар за идеолошко-политичко образование и студии. Беа организирани неколку заеднички состаноци.

Друштвото, покрај тоа, соработуваше и со други општествено-политички организации, научни и стручни установи.

Откако беше поднесен и финансискиот извештај, се разви жива дискусија во која зедоа учество добар дел од присутните членови. Тие одделно и поопширно зборуваа за активноста на Друштвото на полето на научно-истра-

жувачката работа, издавачката мисла и новите сознанија на нашата историска наука, за разни форми на соработката со општествено-политичките организации од градот, стручните, научните институции, РТВ — Скопје и печатот.

Собранието ги усвои извештаите, ја разреши старата управа и избра нов Извршен одбор. На крајот, беа избрани и определен број делегати за годишното собрание на Сојузот на историските друштва на Македонија.

Д. С.

## СИМПОЗИУМ ПОСВЕТЕН НА 30-ГОДИШНИНАТА ОД ОДРЖУВАЊЕТО НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

Десет години по одржувањето на првиот симпозиум посветен на 20-годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, на 23—25 октомври 1974 година се одржа нов симпозиум со тема: **„АСНОМ — остварување на идеите за создавање на македонската држава и неговиот меѓународен одглас и одраз“.**

Симпозиумот се одржа во организација на Македонската академија на науките и уметностите, со тоа што Организациониот одбор го сочинуваа претставници на МАНУ, на Катедрата по историја на Филозофско-историскиот факултет и на Архивот на Македонија.

Според изборот на темата, организаторот на симпозиумот му даде меѓународен карактер. Оттука за учество на симпозиумот беа поканети истакнати научни работници — историчари, правници, социолози, економисти, етнолози, историчари на литературата и други, како од Југославија, така и од други земји, меѓу кои од СССР, Полска, ЧССР, Германската Демократска Република, САД и други.

Прифаќајќи ја темата како мошне интересна и која заслужува внимание, многумина се пријавија за учество, така што беа пријавени вкупно 59 реферати. Иако, неколкумина од нив не зедоа директно учество на симпозиумот беа презентирани релативно голем број реферати.

Поради големиот број реферати, а уште повеќе што во рефератите, основната тема на симпозиумот беше третирана од повеќе аспекти, текот на научниот собир се одвиваше во три секции. Во првата од нив (Секција А), беа презентирани најголем број од рефератите, какви што се: „Конститутивни елементи за време на НОБ“ (проф. д-р Александар Христов); „Питање генезе македонског народа“ (проф. д-р Бого Графенауер); „Некои теоретски и методолошки проблеми во врска со формирањето на процесите за создавање на нациите во Централна и Источна Европа во XIX и XX век“ (кон прашањето за потеклото на македонскиот народ и македонската државност) (д-р Јозеф Хлебовшек); „АСНОМ — синтеза на државно-правниот и националниот фактор во историскиот развој на македонскиот народ“ (проф. д-р Никола Сотировски); „Рађање АСНОМ-а и развој социјалистичке Македоније у марксистичкој ре-